Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа (,,Службен весник на Република Македонија” бр. 58/00, 44/02, 82/08,167/10 и 51/11) и член 22 став 1 од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 42/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17 и 64/18), министерот за образование и наука ја донесе наставната програма по наставниот предмет ***македонски јазик и литература*** за **II (втора) година** образование од средното стручно образование со четиригодишно траење.

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**

**БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО**

**Наставна програма**

# МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК И ЛИТЕРАТУРА

***модуларно дизајнирана***

**за II година**

***Сите образовни профили / квалификации***

***Сите струки / сектори***

**Скопје, 2019 година**

| | |
|---|---|
| **Назив на наставната програма** | Македонски јазик и литература |
| **Тип на наставна програма** | Задолжителна |
| **Кредитна вредност на наставната програма** | 7 (седум) ЕЦВЕТ[1] кредити (5 кредити+2 дополнителни кредити)<br>Бројот пет ги означува кредитите кои се стекнуваат со посетата на часовите по овој предмет во рамките на Заедничкиот општообразовен модул, ангажираноста на часовите и учеството во процесот на поучување и учење. Дополнителните два кредита се однесуваат на учењето и активностите кои учениците ги реализираат надвор од наставните часови, а во функција на стекнување знаења по овој предмет.<br>Два кредита опфаќаат 50 часа активности на ученикот - 10 часа вежби и подготовка за писмени работи, 20 часа читање дела и лектири за обработка, 20 часа самостојно учење - подготовка на усни и писмени презентации, домашни работи, подготовка на есеи. |
| **Струка** | Сите струки |
| **Сектор** | Сите сектори |
| **Образовен профил** | Сите образовни профили |
| **Назив и ниво на квалификација** | Сите квалификации<br>IV (четврто) ниво |
| **Година на изучување** | II (втора) |
| **Број на часови неделно/годишно за реализација на наставната програма** | 3/108 |
| **Цели на наставна програма** | Ученикот/ученичката:<br>- да ги проширува и да ги продлабочува знаењата за македонскиот стандарден јазик, како средство за комуникација; |

[1] Закон за Националната рамка на квалификации.

| | |
|---|---|
| | - да ги препознава јазичните форми и јазичните особености во слушнат и пишан текст, да ја согледува нејзината функционалност и да создава позитивен, активен однос кон јазичните содржини;<br>- да ги развива постојните и да создава нови способности вештини и навики за правилната/соодветната усна и писмена употреба на јазикот во различни ситуации во живиот јазик;<br>- да ја согледува и активно да ѝ пристапува на хиерарххијта и поврзаноста на јазичните единици од фонема до реченица и да го истакнува нивното значење во јазичната комуникација, со нагласка на зборовите како јазични единици и нивните граматички значења;<br>- да ги применува вештините за самостојна анализа и интерпретација на литературни дела од различни автори, епохи и правци (класицизам и романтизам);<br>- да се оспособи критички и аргументирано да ги вреднува литературните дела, проблемските ситуации, општествените и уметничко-културните појави и настани преку сопствени ставови и мислења. |
| **Модуларни единици на наставна програма** | • **ЈАЗИК**<br>• **ЛИТЕРАТУРА**<br><br>*Забелешка: Модулите Јазик и Литература односно содржините во двата модула потребно е да се комбинираат меѓусебно. Со тоа ќе се постигне целина во однос на општите цели на предметот како и постигање на предвидените резултати преку дадените критериуми. Секој час и понатаму ќе има свој резултат за постигање и во рамките на истиот ќе се комбинираат веќе изучени содржини и од едниот или другиот модул со новите содржини. Едновремено потсетуваме дека добриот распоред и организација на дадените содржини како и соодветниот избор активности ќе влијае на реализацијата на часовите односно ќе влијае на успехот на поучувањето и учењето.* |
| **Материјално-технички и просторни услови** | За постигнување на целите по предметот македонски јазик и литература потребно е да се обезбедат наставни средства, во кабинет или училница, бибиотечен книжен фонд, пристап до интернет, компјутерска опрема, ЛЦД проектор. За успешна и целосна реализација на наставната програма потребно е да се организираат и активности кои го менуваат местото на реализацијата на часот/часовите (институции на културата и научни институции) каде учениците ќе посетуваат настани, манифестации и фестивали: книжевни, театарски и филмски. |
| **Норматив на наставен кадар** | Наставната програма ја реализираат лица со завршени студиски групи:<br>- Македонска книжевност и јужнословенски книжевности, наставна насока, VII/ 1 или VIA според МРК и 240 ЕКТС; (поранешна група Историја на книжевностите на СФРЈ)<br>- Македонска книжевност и јужнословенски книжевности со македонски јазик како втор главен предмет, наставна насока, VII/ 1 или VIA според МРК и 240 ЕКТС;<br>- Македонски јазик и јужнословенски јазици со македонска книжевност и јужнословенски книжевности како втор главен предмет, наставна насока, VII/ 1 или VIA според МРК и 240 ЕКТС;<br>- Македонски јазик и книжевност, наставна насока, VII/ 1 или VIA според МРК и 240 ЕКТС;<br>- Општа и компаративна книжевност, наставна насока, VII/ 1 или VIA според МРК и 240 ЕКТС. |

| | Модуларна единица: ЈАЗИК | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Ред. број** | **Резултати од учење** | **Содржини и поими** | **Активности и методи** | **Критериуми на оценување[*]** |
| **1** | **Историски развој на македонскиот јазик** | | | |
| 1.1. | **Ученикот/ученичката ќе биде способен/а:**<br><br>-да ги објаснува и споредува историските факти и општествените околности во контекст на јазичното прашање во XIX век и значењето на македонските интелектуалци и учебникари и нивните дела во развојот на македонскиот јазик. | **Македонскиот јазик во XIX век**<br><br>Јазикот на македонските писатели од периодот на просветителството<br><br>Јазикот на македонските писатели од периодот на романтизмот<br><br>Учебникарската дејност во втората половина на **XIX век**.<br><br>**Поими:** народен јазик, примеси од турцизми, бугаризми, црковнословенизми, русизми, западномакедонски говори, буквари, читанки,граматика, Ј.Х. Џинот, К.Пејчиновиќ, Ј.Крчовски, П.Зографски, К. Шапкарев, Д. Узунов, Д. Македонски, Ѓ. Пулевски. | **Активности:**<br>Преку насочени прашања се појаснува општествено-историската состојба во Македонија во XIX век .<br>Преку Венов дијаграм се разгледува развојот на македонскиот јазик во првата и во втората половина од XIX век .<br>Во форми и активности за групна работа и за работа во двојки<br>учениците треба да ги воочат јазичните карактеристики на текстови од македонските писатели во XIX век.<br>**Методи:** интерактивен метод(метод на соработка) метод на комуникација (монолошки, дијалошки и разговорен – устен и писмен); метод на демонстративност; текст-метод; метод на споредување. | **Ученикот/ученичката може да:**<br><br>1.1.1: ги набројува историските состојби во XIX век во Македонија;<br>1.1.2. ги споредува ставовите на учебникарите за избор на стандарден јазик;<br>1.1.3. да ја согледува и да ја објаснува важноста на јазикот на македонските културнии дејци од XIX век во развојот на литературниот јазик;<br>1.1.4: ги споредува и толкува јазичните особеностите на јазикот на македонските писатели од XIX век. |

[*] Внесени се стандарди/индикатори за постигнување на резултатите од учењето врз основа на кои се определуваат критериумите за оценување.

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 1.2 | **Ученикот/ученичката ќе биде способен/а:**<br>-да ги препознава, споредува и толкува гледиштата на македонистите за создавање стандарден јазик, за заедничките одлики на различните гледишта и за значењето на народниот јазик во гледиштето за одделен македонски јазик. | **Избор на дијалектна основа на македонскиот стандарден јазик**<br><br>**Поими:** народен јазик, јазични гледишта, македонско-бугарски јазик, Партениј Зографски,Ј.Х.К-Џинот, македонисти, одделен македонски јазик, Ѓ. Пулевски, списание Лоза, К.П. Мисирков | **Активности:**<br>Учениците се делат во групи со задача да истражуваат за дејноста на некои од предвидените македонски културни дејци.<br>Претставување на резултатите од истражувањата на учениците за двете јазични гледишта.<br>Формата на претставување се приспособува на целосниот наставен контекст и на можностите на учениците и на училиштето , а може да биде: устна или комбинирана - устна, писмена, сликовна, слушна компјутерска итн.<br>Дискусија за различните гледишта со нагласување на заедничките заложби на македонските писатели.<br><br>**Методи:** интерактивен метод (метод на соработка) метод на комуникација (монолошки, дијалошки и разговорен – устен и писмен); метод на демонстративност; текст-метод; метод на компарација, метод на анализа и синтеза. | **Ученикот/ученичката може да:**<br>1.2.1: ги набројува ставовите и гледиштата за избор на стандарден јазик;<br>1.2.2: ги споредува особеностите на двете гледишта за избор на стандарден јазик;<br>1.1.3: да ја посочува улогата на македонистите, лозарите и списанието Лоза за зацврстувањето на идејата за одделен јазик.<br>1.1.4. ја толкува улогата на македонистите и нивното значење во развојот на македонскиот стандарден јазик. |
| 1.3 | **Ученикот/ученичката ќе биде способен/а:**<br>-да ги наведува, да ги анализира и да дискутира (поткрепено со цитати) за ставовите на Мисирков изнесени во статијата *Неколку зборови за македонскиот литературен јазик.* | **Погледите на К.П. Мисирков за македонскиот литературен јазик**<br><br>-К.П. Мисирков живот, дејност и дело;<br>-Интерпретација на *Неколку зборови за македонскиот литературен јазик* од Книгата *За македонските работи* | **Активности:**<br>Низ различни форми на нагледност (презентација, аудиовизуелни материјали) учениците се запознаваат со био-библиографските податоци на Мисирков и со неговото огромно значење во поставувањето солидна основа за конечното нормирање на македонскиот јазик и за неговото стандардизирање по Втората светска војна. | **Ученикот/ученичката може да:**<br>1.3.1 меморира факти од био-библиографијата на Мисирков;<br>1.3.2 ги анализира, да ги коментира и да ги толкува ставовите на Мисирков во статијата *Неколку зборови за македонскиот литературен јазик* од книгата *За македонските работи*; |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 2 | | **Поими:** *За македонските работи, Неколку зборови за македонскиот литературен јазик*, научен текст за мак. јазик, историја на јазик, културно-историски околности, централни говори (велешко-прилрпско-битолско-охридско), фонетски правопис, лексика од сите македонски говори. | **Методи:** дијахрониски метод, интерактивен метод (метод на соработка), метод на комуникација (монолошки, дијалошки и разговорен – устен и писмен); метод на демонстративност; текст- метод; метод на споредување. | 1.3.3 искажува и образложува факти за значењето и улогата на Мисирков во кодификацијата на македонскиот јазик;<br>1.3.4 ја толкува важноста на Мисирков и неговата статија во развојот на македонскиот јазик. |
| 2 | **Фонетика и фонологија** | | | |
| 2.1. | **Ученикот/ученичката ќе биде способен/а:**<br><br>- да ги толкува гласовните промени редување и елизија и да посочува соодветни примери;<br>- да ги применува правилата на гласовните промени во живиот јазик - устен и писмен. | **Гласовни промени**<br><br>**Поими:** Редување, елизија | **Активности:**<br>Нагледно претставување зборови во состав на реченица, во кои доаѓаат до израз гласовните промени редување и елизија.<br>Заради поголема мотивација на учениците, примерите треба да се претставуваат преку јазични содржини (реченици, извадоци од текст, дијалози) преземени од различни функционални стилови, главно, од разговорниот и публицистичкиот.<br>Вежби, усни и писмени, за илустрација на гласовните промени во живиот јазичен израз.<br>**Методи:** метод на истражување; интерактивен метод/метод на комуникација (монолошки, дијалошки и разговорен – устен и писмен); метод на демонстративност. | **Ученикот/ученичката може да:**<br><br>2.1.1 ги препознава и именува гласовните промени во даден текст;<br>2.1.2 ги објаснува гласовните промени;<br>2.1.3 ги пишува правилно зборовите почитувајќи ги правилата за бележење на гласовните промени;<br>2.1.4. ги препознава гласовните промени во јазичната комуникација и успешно ги поправа грешките кои произлегуваат од незнаењето и непочитувањето на овие правила. |
| 2.2 | **Ученикот/ученичката ќе биде** | **Акцентот кај туѓите зборови** | **Активности:**<br>Од наставен лист учениците гласно читаат | **Ученикот/ученичката може да:** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | **способен/а:**<br><br>- да ги посочува местата, т.е. слоговите на кои се акцентираат туѓите зборови  во македонскиот јазик и да ги споредува зборовите од домашно потекло со туѓите зборови во однос на акцентирањето. | **Поими:** Акцент, зборови од туѓо потекло, акцентирање на прв, втор и трет слог од крајот на зборот, двојно акцентирање. | низа од зборови со различно акцентирање. Самоглската на акцентираниот слог е напишана со голема буква и на неа е напишан акцентниот знак, за полесно совладување на акцентирањето на овие зборови. Насочени инструкции и прашања за сопоставување и споредување зборови од туѓо потекло со различен акцент (различното акцентирање на туѓите зборови).<br>Учениците низ групна, индивидуална и работа во двојки, ќе ги препознаваат и ќе ги толкуваат правилата за акцентирање на туѓите зборови и ќе посочуваат зборови, самостојни и во реченица, како примери за правилата.<br>**Методи:** аудио-лингвален метод, интерактивен метод/метод на комуникација (монолошки, дијалошки и разговорен – устен и писмен); метод на демонстративност; метод на споредување; текст-метод. | 2.2.1 ги акцентира правилно туѓите зборовите;<br>2.2.2 ги изделува зборовите со двојно акцентирање;<br>2.2.3 го бележи правилно акцентот кај туѓите зборови во даден текст;<br>2.2.4. акцентира/ да зборува според правилата за акцентирање на туѓите зборови во македонскиот јазик. |
| 2.3. | **Ученикот/ученичката ќе биде способен/а:**<br><br>- да умее да ги препознава, да посочува и да образува акцентските целости објаснувајќи ја причината за нивното настанување;<br>- да образложува зошто некаде има отстапување од акцентирањето акцентски целости и да го толкува логичкиот акцент. | **Акцентска целост**<br><br>Акцентски целости со два полнозначни збора<br>Акцентски целости со клитики<br>**Поими:** акцентска целост, клитики, акцентот кај акцентска целост од полнозначни зборови, енклитика, проклитика. | **Активности:** Со различни форми на нагледност, која во прв ред треба да биде аудитивна, а потоа аудо-визуелна, учениците слушаат и изговараат акцентски целости.<br>Се посочуваат реченици (текст) преку  кои ученикот ќе го воочи образувањето на акцентската целост.<br>Ја согледуваат смисловната самостојност на зборовите во состав на акцентската целост, независно од нивната фонетска (гласовна) поврзаност, т.е. од гласовната реализација како една зборовна единица. Заклучуваат зошто зборовите во состав на акцентската целост не се пишуваат слеано. | **Ученикот/ученичката може да:**<br><br>2.3.1 ги препознава акцентските целости;<br>2.3.2. ја бележи акцентската целост со поврзување на зборовите со лак под редот и со акцентен знак на акцентираниот слог;<br>2.3.3. прави разлика меѓу акцентски целости со два полнозначни збора и акцентски целости со клитики и правилно ги пишува; |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | Преку вежби воочуваат различни видови акцентски целости, наставникот ги објаснува видовите акцентски целости и бара учениците да ги препознаваат.<br>**Методи**: аудио-лингвален метод, интерактивен метод/метод на комуникација (монолошки, дијалошки и разговорен – устен и писмен); метод на демонстративност; метод на споредување; текст-метод. | 2.3.4. препознава акцентска целост со енклитика и проклитика и правилно ги пишува;<br>2.3.5. стекнатите знаења за акцент ги применува во усното изразување. |
| 3. | **Морфологија и морфосинтакса** | | | |
| 3.1. | **Ученикот/ученичката ќе биде способен/а:**<br><br>- да образложи дека глаголските зборoформи се граматички разновидности на еден ист глагол и дека секоја глаголска зборoформа претставува повеќе граматички значења, т.е. во неа се пројавуваат значењата на различни граматички категории;<br>- да ги толкува граматичките значења на глаголските зборoформи, т.е. да ги посочува граматичките категории кои доаѓаат до израз - неговите различни форми во нив. | **Глаголи (форми на глаголот)**<br><br>Прости глаголски форми<br><br>**Поими**: прости глаголски форми, наставки, основен глагол (глагол во основна форма), основен вокал (вокал на основата), општ дел на глаголот, општ дел на согласка/на самогласка. | **Активности:**<br>Часот започнува дедуктивно – на почетокот, низ дискусија, учениците ги посочуваат главните пунктови при образувањето глаголски зборoформи.<br>Вежби за определување на формите на глаголот според составот и според значењето.<br>Вежби за воочување на разликата меѓу простите и сложените глаголски форми.<br>**Методи:** метод на дедуктивност, метод на индуктивност, интерактивен метод/метод на комуникација (монолошки, дијалошки и разговорен – устен и писмен); метод на демонстративност; метод на споредување; метод на анализа и синтеза. | **Ученикот/ученичката може да:**<br><br>3.1.1. образува и да разликува различни глаголски форми;<br>3.1.2. ги објаснува глаголските зборoформи во нивните различни граматички категории;<br>3.1.3. го толкува значењето на основната глаголска форма, на општиот дел на глаголот (што завршува на согласка или на самогласка) и на основната самогласка во образувањето глаголски зборoформи;<br>3.1.4. посочува примери за основни глаголи од трите глаголски групи;<br>3.1.5. трансформира глаголска форма во основен глагол, т.е. да го определува основниот глагол од кој е образувана зборoформата. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 3.2 | **Ученикот/ученичката ќе биде способен/а:**<br><br>- образува сегашно време;<br>-илустрира примери за различни значења на сегашното време. | **Сегашно време**<br><br>-образување и значење на глаголската форма за сегашно време<br><br>**Поими**: образување и значење на сегашното време (основно и други значења) | **Активности:** Вежби за препознавање и менување на глаголот во формите на сегашно време. Стилски вежби за употребата на вторичните, стилските значења на глаголската форма за сегашно време, со особено ставање акцент на важноста на реченичната интонација, како и на вонјазичните елементи – мимика, гестикулација, говор на телото и сл.<br><br>**Методи:** метод на дедуктивност, метод на индуктивност, интерактивен метод/метод на комуникација (монолошки, дијалошки и разговорен – устен и писмен); метод на демонстративност. | **Ученикот/ученичката може да:**<br><br>3.2.1. ги идентификува и да ги определи формите на сегашно време во реченицата (текст);<br>3.2.2. образува сегашно време;<br>3.2.3. посочува примери за различни значења на сегашното време. |
| 3.3 | **Ученикот/ученичката ќе биде способен/а:**<br><br>-образува минато определено свршено и несвршено време/образува парадигми за МОВ (да менува глаголи) според граматичките категории лице и број од глаголи од сите глаголски групи;<br>-да го посочува основното значење на МОНВ и да ги посочува и употребува стилските, второстепените значења на оваа глаголска форма. | **Минато определено свршено и несвршено време**<br><br>**Поими:** образување и значење на минато определено свршено и минатото определено несвршено време, имперфект, аорист, имперфектна (несвршена) форма од перфективни (свршени) глаголи<br>(основно значење и второстепени значења). | **Активности:**<br>Часот започнува дедуктивно – на почетокот, низ дискусија, учениците се насочуваат на знаењата за оваа глаголска форма, стекнати во основното образование.<br>Вежби за препознавање и<br>менување на глаголите од трите глаголски групи во формите на минато определено свршено и несвршено време. Вежби за препознавање и разликувања на формите и на значењето на МОНВ и МОСВ во илустративен текст. Вежби за употреба на прилози за време, како и на прилошки определби за време во состав на реченици со МОВ. Вежби за употреба на имперфектните форми од перфективни глаголи во живиот јазик.<br><br>**Методи:** метод на дедуктивност, метод на | **Ученикот/ученичката може да:**<br><br>3.3.1 ги идентификува и да ги определи формите на минато определено свршено и несвршено време во реченица (текст) и да ги посочува латинските називи на овие глаголски форми;<br>3.3.2. образува минато определено свршено и несвршено време/ според граматичките категории лице и број од глаголи од сите глаголски групи;<br><br>3.3.3. прави разлика меѓу минато определено свршено и несвршено време ; |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | индуктивност интерактивен метод/метод на комуникација (монолошки, дијалошки и разговорен – устен и писмен); метод на демонстративност; метод на споредување; метод на анализа и синтеза. | 3.3.4. го објасни основното значење на глаголската форма за МОВ, т.е. причината поради која оваа глаголска форма го има зборот *определено* во својот состав како и неговите второстепени значења посочувајќи примери за нив.<br>3.3.5. да ја образложи значенската блокираност на глаголските форми за МОНВ (имперфект) од свршени (перфективни) глаголи. |
| 3.4 | **Ученикот/ученичката ќе биде способен/а:**<br><br>- да препознава, означува и образува заповеден начин (директна и индиректна заповед, одречна форма);<br>- да ги спореди простата и сложената глаголска форма за заповеден начин (*одете:нека одат*) и правилно да ги користи формите за заповеден начин од гледна точка на правописот (*спиј:спи, спијте:спите)* и на глаголската група (*одете:одите).* | **Заповеден начин**<br><br>**Поими:** образување и значење на заповеден начин, директна и индиректна заповед, одречна форма за заповеден начин, проста глаголска форма, сложена глаголска форма. | **Активности:**<br>Часот започнува дедуктивно – на почетокот, низ дискусија, учениците се насочуваат да ги истакнат главните пунктови за значењето и за образувањето на глаголската форма за заповеден начин, според знаењата стекнати во основното образование.<br>Вежби за препознавање и за образување парадигми за заповеден начин од сите глаголски групи, според граматичките категории број, лице и вид како и на одречните форми од оваа глаголска форма.<br>Вежби за препознавање и разликувања на директна и индиректна заповед во текстови од различни функционални стилови.<br>Вежби за глаголи со кои не се образува заповеден начин и примери со кои се нагласува значењето на повторливост во минатото, севременост, услов и личен став.<br>Посочување примери од секојдневниот | **Ученикот/ученичката може да:**<br><br>3.4.1 го објасни и да го спореди значењето на граматичката категорија *начин* со значењето на граматичката категорија *време;*<br>3.4.2. образува заповеден начин -директна и индиректна форма и одречна форма;<br>3.4.3. прави разлика меѓу директна, индиректна и одречна форма за заповеден начин во реченица;<br>3.4.4. ги идентификува и да ги определи формите за заповеден начин во реченица (текст) и да посочува примери за нивно второстепено значење;<br>3.4.5. да ја толкува глаголската форма за заповеден начин од |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | живот и од разговорниот стил, во функција на нагласување на воспитноста на оваа наставна единица, т.е. на учтивото, љубезно и културно зборување/однесување на младите; заповедта да се претстави како неутрално барање од некого да направи нешто, т.е. како блага заповед, молба.<br>**Методи:** метод на дедуктивност, метод на индуктивност, интерактивен метод/метод на комуникација (монолошки, дијалошки и разговорен – устен и писмен); метод на демонстративност; метод на споредување; метод на анализа и синтеза. | аспект на форма и на значења. |
| 3.5 | **Ученикот/ученичката ќе биде способен/а:**<br><br>**-**да именува, препознава и образува нелични глаголски форми;<br>- да ги објасни значењата, употребата и граматичките својства на сите видови нелични глаголски форми. | **Нелични глаголски форми**<br>Глаголска л-форма<br>Глаголска придавка<br>Глаголска именка<br>Глаголски прилог<br><br>**Поими: г**лаголска л-форма (свршена и несвршена), глаголска придавка (двојни форми), глаголска именка (свршени и несвршени глаголи), глаголски прилог (паралелно дејство). | **Активности:**<br>Вежби за препознавање и менување на глаголот во неличните глаголски форми.<br>Вежби за употреба на неличните глаголски форми во реченица.<br>Вежби за употреба на глаголската л-форма во состав на сложени глаголски форми.<br>**Методи:** метод на дедуктивност, метод на индуктивност интерактивен метод/метод на комуникација (монолошки, дијалошки и разговорен – устен и писмен); метод на демонстративност; метод на споредување; метод на анализа и синтеза. | **Ученикот/ученичката може да:**<br>3.5.1. ги идентификува неличните глаголски форми во реченица (текст);<br>3.5.2 образува нелични глаголски форми;<br>3.5.3 ги разликува неличните глаголски форми;<br>3.5.4. ги сопостави, да ги спореди и да ги истакне сличностите и разликите помеѓу глаголските именки и именките, помеѓу глаголските придавки и придавките и помеѓу глаголските прилози и прилозите. |
| 3.6 | **Ученикот/ученичката ќе биде способен/а:**<br><br>- да препознава, означува и образува глаголски форми за | **Сложени глаголски форми**<br><br>**Минато неопределено свршено и несвршено време** | **Активности:**<br>Вежби за препознавање и за употреба на МНВ.<br>Вежби за образување на зборoформите за МННВ и МНСВ и за употреба на овие | **Ученикот/ученичката може да:**<br><br>3.6.1 препознава и образува минато неопределено несвршено и свршено време; |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | минато неопределено време - несвршено и свршено (МННВ и МНСВ);<br>-да правилно ги употребува значењата на формите на минато неопределено несвршено и свршено време и формите на минато неопределено несвршено и свршено време кои значат прекажување или директно кажување. | Образување, значење и употреба<br><br>**Поими:** прекажување-директно кажување, сегашно време од СУМ и Л-форма, свршен, несвршен глагол. | глаголски форми во реченици.<br>Трансформација на реченици со МОВ во реченици со МНВ и обратно.<br>Вежби за употреба на прилози за време во состав на реченици со МНВ.<br>Вежби за прикажување на стилските значења на МНВ.<br>**Методи:** метод на дедуктивност, метод на индуктивност, интерактивен метод на комуникација (монолошки, дијалошки и разговорен – устен и писмен); метод на демонстративност; метод на споредување; метод на анализа и синтеза. | 3.6.2. образложи што значи зборот *неопределено* во називот на оваа глаголска форма;<br>3.6.3 да го наведе и да го илустрира со примери начинот на сложување (образување) на овие глаголски форми;<br>3.6.4. да ги наброи кои граматички категории се претставени со формите на помошниот глагол *сум*, а кои со глаголската *л*-форма;<br>3.6.5. да го толкува и правилно да го употребува основното и другите значења на овие глаголски форми. |
| 3.7 | **Ученикот/ученичката ќе биде способен/а:**<br>- да образува, означува и препознава предминато време и да ја констатира ограничената употреба на оваа глаголска форма наспрема глаголските форми со кои се искажува исто или слично значење и соодветно да ја применува. | **Предминато време**<br>Образување, значење и употреба<br>**Поими:** помошниот глагол *сум* во форма за МОНВ и глаголската *л*-форма, најчесто од свршен глагол; дејство што се случило пред друго дејство во минатото, момент во минатото што му претходел на друг минат момент. | **Активности:**<br>Вежби за препознавање и менување глаголи од трите глаголски групи во формите за предминато време.<br>Вежби за употреба на глаголската форма за предминато време во реченица.<br>Вежби за трансформација на реченици со предминато време во реченици со други глаголски форми со исто или слично значење.<br>**Методи:** метод на дедуктивност, метод на индуктивност интерактивен метод (метод на соработка); метод на комуникација (монолошки, дијалошки и разговорен – устен и писмен); метод на демонстративност; метод на споредување; метод на анализа и синтеза. | **Ученикот/ученичката може да:**<br>3.7.1 препознава глаголски форми на предминато време;<br>3.7.2 – образува глаголски форми на предминато време и може да го објасни сложувањето, образувањето на глаголските форми за предминато време;<br>3.7.3 да ги наброи кои граматички категории се претставени со формите на помошниот глагол *сум*, а кои со глаголската *л*-форма.<br>3.7.4 да ја толкува и да ја прикаже предминатоста како момент во минатото што му претходел на друг минат момент, како дејство што се случило пред |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | друго дејство во минатото, како движење од поблиското кон подалечното минато, претставена со двојна минатост – и во помошниот глагол и во глаголската *л*-форма. |
| 3.8 | **Ученикот/ученичката ќе биде способен/а:**<br>**-** да препознава и да образува форми за глаголските идни времиња како и одречна форма од идните времиња;<br>- да ги посочува и употребува основните и другите значења на ИВ, МИВ и ИПВ и правилно да ги употребува. | **Идно време**<br>**Минато идно време**<br>**Идно прекажано време**<br>**Поими:** ЌЕ и сегашно време, ЌЕ и минато неопределено време, ЌЕ и имперфект, негативна форма | **Активности:**<br>Вежби за препознавање и менување на глаголот во формите на глаголските идни времиња.<br>Вежби за употреба на овие глаголски форми во реченици.<br>Вежби за согледување на заедничкото значење кај овие три глаголски форми – идноста, но и на разликите помеѓу нив.<br>Вежби за образување и препознавање на одречната форма кај глаголските идни времиња.<br>**Методи:** метод на дедуктивност, метод на индуктивност интерактивен метод/метод на комуникација (монолошки, дијалошки и разговорен – устен и писмен); метод на демонстративност; метод на споредување; метод на анализа и синтеза | **Ученикот/ученичката може да:**<br>3.8.1. ги определува глаголските форми на ИВ, МИВ, ИПВ;<br>3.8.2. образува идно, минато идно и идно прекажано време и одречна форма од истите;<br>3.8.3. посочува примери за идните времиња, за нивните основни и второстепени значења;<br>3.8.4. ги идентификува сличностите и разликите на идните времиња во реченица (текст) и да објаснува што е заедничко за овие глаголски форми, преку споредување на нивните значења;<br>3.8.5. правилно да ги употребува (писмено и усно) формите на идните времиња. |
| 3.9 | **Ученикот/ученичката ќе биде способен/а:**<br>- да препознава и да образува глаголски форми за можен начин;<br>-да го објасни значењето на глаголската форма за можен начин и да го илустрира со соодветни примери. | **Можен начин**<br>**Поими:** претполагано дејство, **би** и глагол во *л*-форма | **Активности:**<br>Вежби за препознавање и менување на глаголите од трите групи и од двата вида во глаголската форма за можен начин.<br>Вежби за употреба на оваа глаголска форма во реченици.<br>Вежби за неправилна употреба на глаголската форма за можен начин во целните | **Ученикот/ученичката може да:**<br>3.9.1. ги идентификува и да ги определи формите за можен начин во реченица (текст);<br>3.9.2. образува можен начин;<br>3.9.3. наведе примери за неправилна употреба на оваа глаголска форма во целните |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | зависносложени реченици.<br>Вежби за сопоствување и споредување на реченици со глаголската форма за можен начин и реченици со исто или слично значење со сложен глаголски прирок.<br>**Методи:** метод на дедуктивност, метод на индуктивност интерактивен метод на комуникација (монолошки, дијалошки и разговорен – устен и писмен); метод на демонстративност; метод на споредување; метод на анализа и синтеза | зависносложени реченици. |
| 3.10 | **Ученикот/ученичката ќе биде способен/а:**<br>- да образува конструкции со **сум** и со **има**, да ги споредува и да ги сопостави овие глаголски конструкции со глаголски форми за минато време со исто или слично значење. | **Глаголски конструкции со сум и има**<br><br>**Поими:** помошен глагол, глаголска придавка. | **Активности**<br>Вежби за препознавање и употреба на глаголската *сум-* конструкција и на глаголската *има*-конструкција.<br>Вежби за трансформација на реченици со овие глаголски конструкции во реченици со глаголски минати времиња со исто или слично значење.<br>**Методи:** метод на дедуктивност, метод на индуктивност интерактивен метод на комуникација (монолошки, дијалошки и разговорен – устен и писмен); метод на демонстративност; метод на споредување; метод на анализа и синтеза. | **Ученикот/ученичката може да:**<br>3.10.1 образува конструкции со сум и со има;<br>3.10.2. прави разлика меѓу **сум** и **има** конструкциите;<br>3.10.3. ги менува формите на **сум** и **има** конструкциите со синонимски форми на глаголските времиња и начини;<br>3.10.4 правилно и соодветно ги употрбуваа овие конструкции во усното и писменото изразување. |
| 4 | **Синтакса** | | | |
| 4.1 | **Ученикот/ученичката ќе биде способен/а:**<br>**-**да го процени, да го објасни и да го прикаже прирокот во реченицата како творечки, создавачки, конститутивен член на реченицата и како основен | **Проста реченица**<br>**Прирок**<br>Глаголски и глаголско-именски прирок<br>**Поими:** прост глаголски прирок, сложен глаголски прирок, прост глаголско- | **Активности:**<br>Се осмислуваат творечки форми на работа на часот, преку кои учениците треба да ја согледаат разликата помеѓу неколку синтаксички единици без глаголска форма, т.е. именски групи, кои намерно содржат повеќе збороформи во составот и | **Ученикот/ученичката може да:**<br>4.1.1 го објасни прирокот како конститутивен дел од реченицата;<br>4.1.2 го определи и да тврди дека прирокот е основен реченичен член и да го оправда своето |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | предуслов за постоење реченица<br>-да ја идентификува согласувачката врска на прирокот со подметот во реченицата и да ги наброи и објасни граматичките категории според кои се согласуваат овие реченични членови;<br>-да ги препознава, анализира и толкува различните видови прирок. | именски прирок, сложен глаголско-именски прирок, глагол врска, глагол копула. | синтаксички единици со глаголска форма, т.е. реченици; активностите и дискусијата треба да бидат насочени кон тоа учениците да констатираат дека реченицата, за разлика од именската група, е комуникациска единица и дека причина за тоа е присуството на прирокот.<br>Прави шематски приказ на структурата на реченицата, т.е. синтаксички шеми.<br>Се презентираат реченици со различни видови прироци за да се воочи различната градба и состав на прирокот. Се води сметка за тоа учениците да согледаат дека: 1. сложената глаголска форма или глаголските конструкции со *сум* и *има* не претставуваат и сложен глаголски прирок (*сум пишувал, беше вратена, имаат раскажувано*) и 2. бројот на прироците во реченицата не зависи од бројот на глаголските форми, во контекст на претставувањето на сложениот глаголски прирок (*може да се врати, сака да студира*).<br>Се осмислуваат вежби во кои учениците ги препознаваат, ги класифицираат, ги сопоставуваат, ги споредуваат, ги опишуваат и ги вреднуваат различните видови прирок. Со секој од нив составуваат прости реченици.<br>Учениците комбинираат различни фазни или модални глаголи со: 1. глаголски *да*-конструкции, за да состават сложен глаголски прирок и 2. глаголски *да*-конструкции од глаголите *сум, биде, стане* и именски збор, за да состават сложен глаголско-именски прирок. Во овие активности им помагаат дијаграми за синтаксичките шеми, како | тврдење со соодветно елаборирарање и поддржување со соодветни примери;<br>4.1.3. го покаже и да го прикаже прирокот како единствен глаголски (предикативен) член во реченицата, наспрема сите други, именски членови;<br>4.1.4**.** да ја толкува и да ја демонстрира врската на прирокот со другите реченични членови, т.е. празните места што прирокот ги отвора за именските реченични членови;<br>4.1.5. да ги препознава, да ги разликува, да ги анализира, да ги структурира, да ги споредува и да ги објаснува различните видови прирок – глаголски и глаголско-именски. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | графички нагледни средства.<br>**Методи:** Комуникациски метод, интерактивен метод (метод на соработка), текст-метод, метод на демонстративност. | |
| 4.2 | **Ученикот/ученичката ќе биде способен/а:**<br>- да го определи подметот во реченицата, да ги наброи зборовите кои можат да се јават во функција на подмет во реченицата и да објасни што сѐ може да именува подметот. | **Подмет**<br>Согласување на подметот и прирокот.<br>**Поими:** подмет (субјект), вршител на дејство, предизвикувач на дејство, поднесувач/трпител на дејство, носител на психофизичка состојба носител на особина, место на вршење на дејство и средство за вршење на дејство. | **Активности:**<br>Со помош на насочувачки прашања се поврзуваат веќе усвоените знаења за подмет од основното образование.<br>Вежби за препознавање на подметот и за идентификување и толкување на неговата функција во реченицата.<br>Вежби за согласување на подметот и прирокот според соодветните граматички категории и за претставување на подметот преку различни видови зборови.<br>**Методи:** Комуникациски метод, интерактивен метод (метод на соработка), текст-метод, метод на демонстративност. | **Ученикот/ученичката може да:**<br>4.2.1. го дефинира и определува подметот во реченица;<br>4.2.2. тврди и да демонстрира дека подметот е именски реченичен член (реченична функција);<br>4.2.3. ја согледа заемната врска меѓу подметот и прирокот и нивното согласување по лице, род и број;<br>4.2.4. илустрира дека подметот не мора да биде изразен во реченица и дека може да се препознае преку граматичките показатели на прирокот, како и од други делови на реченицата. |
| 4.3 | **Ученикот/ученичката ќе биде способен/а:**<br>- да го издвојува, да го толкува и да го илустрира предметот и различните видови предмет како именски реченичен член (реченична функција). | **Предмет**<br>Видови предмет<br>**Поими:** предмет, објект, трпител на дејство, директен, индиректен и предлошки, удвојување, заменски форми. | **Активности:**<br>Со помош на насочувачки прашања на дадени реченици се препознаваат: трпителот на дејството, целта на дејството и предметот кој со прирокот е поврзан со помош на предлог и во речениците се определуваат како: директен предмет, индиректен предмет и прилошка опредлеба.<br>Удвојувањето на директниот и на индиректниот предмет се илустрира и со дијаграми за соодветните синтаксички шеми, каде што местата на деловите од удвоениот | **Ученикот/ученичката може да:**<br>4.3.1 го дефинира и определува предметот во реченица;<br>4.3.2. означува и определува вид на предмет во текст;<br>4.3.3 ги удвојува и да ја посочи удвоеноста на директниот и индиректниот предмет;<br>4.3.4 ја аргументира и да ја илустрира разликата меѓу предлошкиот предмет и прилошката определба; |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | предмет се фиксирани во однос на прирокот.<br>Вежби за препознавање и определување на видот на предметот.<br>Вежби со текстови во кои учениците ќе го удвојуваат директниот и индиректниот предмет.<br>Реченици во кои учениците ќе прават разлика меѓу предлошкиот предмет и прилошката определба, при што си помагаат со прашања во чиј состав се заменската форма *кого* или заменката *што* со предлогот со кој се употребени во реченицата.<br>**Методи:**Монолошко-дијалошки, интерактивен метод, текст-метод, демонстративен метод / илустративен метод. | 4.3.5. ги набројува видовите зборови кои можат да вршат функција на предмет во реченицата. |
| 4.4 | **Ученикот/ученичката ќе биде способен/а:**<br>- да ја определува и да ја илустрира прилошката определба како именски реченичен член (реченична функција) и да ги наведува видовите зборови кои вршат функција на прилошка определба во реченицата. | **Прилошка определба**<br><br>**Видови прилошки определби**<br><br>**Поими:** прилошка определба, околности на вршење на дејството, прилошки определби за место, време, начин, количество и степен, причина, услов и допуштање. | **Активности:**<br>И за прилошката определба, како и другите реченични и членови, наставните активностите се насочени кон поврзување на знаењата, вештините и способностите на учениците, стекнати во основното образование и оние што се внесуваат како нови наставни содржини.<br>Формите на работа на часот (вежби, разговор, истражување, анализирање, синтетизирање, практична примена на знаењата и сл.) поттикнуваат активен, творечки однос на учениците кон наставните содржини за прилошките определби.<br>Во функција на прилошки определби во речениците се определуваат соодветните прилози, како и зборовни состави од предлог и именка/именски зборови.<br>**Методи:** интерактивен метод(метод на | **Ученикот/ученичката може да:**<br><br>4.4.1 ја дефинира и определува прилошката определба во реченица;<br>4.4.2 препознава, означува и определува видови прилошки определби во текст;<br>4.4.3 конструира примери со различните видови прилошка определба;<br>4.4.4. ги споредува различните видови прилошки опрделби и да ја воочува нивната функција во реченицата. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | соработка), текст-метод, метод на демонстративност. | |
| 4.5 | **Ученикот/ученичката ќе биде способен/а:**<br>- да ги препознава, означува и објаснува атрибутот и апозицијата во состав на реченици и да ги илустрира со зборови кои може да се јават со оваа реченична функција;<br>-ја применува апозицијата и атрибутот во живиот јазик. | **Второстепени реченични членови**<br><br>Атрибут и апозиција<br><br>**Поими:** атрибут ( придавски, именски, предикативен), апозиција –предикативна ИГ | **Активности:**<br>Вежби преку текстови во кои на соодветно место и значење ќе бидат вметнати второстепените реченични членови<br>Вежби за определување и образување на различни видови атрибут.<br><br>**Методи:**Монолошко-дијалошки, интерактивен метод, текст-метод, демонстративен метод / илустративен метод. | **Ученикот/ученичката може да:**<br><br>4.5.1 ги дефинира и определува второстепените реченични членови атрибут и апозиција како именски реченични членови (реченични функции) и ги илустрира со зборови кои може да се јават со оваа реченична функција;<br>4.5.2 препознава и образува придавски, именски и предикативен атрибут и да конструира примери со атрибут и апозиција;<br>4.5.3. да тврди и да образложи дека атрибутот и апозицијата се второстепени реченични членови, кои се употребуваат во состав на кој и да е именски реченичен член (подмет, предмет или прилошка определба). |
| 4.6 | **Ученикот/ученичката ќе биде способен/а:**<br>-да разликува еднократна и повеќекратна негација како и да разликува и препознава реченична и членска негација;<br>-да посочува примери за зборови со вградена негација. | **Негација, видови негација**<br>**Поими:** Потврдни и одречни реченици; Средства за негација; Еднократна и повеќекратна негација; Реченична и членска негација; Вградена негација | **Активности:**<br>Користејќи подготвени примери ја покажува разликата меѓу еднократна и повеќекратна, членска и реченична негација. Подготвува вежби за препознавање на видовите негација и за трансформација на потврдни реченици во одречни и текст во кој има употребено зборови со вградена негација кои треба да се заменат со примери со изразена негација. | **Ученикот/ученичката може да:**<br>4.6.1. набројува средства за негација;<br>4.6.2. препознава еднократна и повеќекратна негација;<br>4.6.3. разликува и дава пример за реченична и членска негација;<br>4.6.4. пронаоѓа зборови со вградена негација и ги менува со |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | **Методи:** Монолошко-дијалошки<br>Текст-метод. | примери со изразена негација. |
| 4.7 | **Ученикот/ученичката ќе биде способен/а:**<br>- да посочува примери и да составува безлични реченици од различен вид со глаголски и со глаголско-именски прирок. | **Безлични реченици**<br>**Поими:**Немотивирано трето лице; Безлични реченици со глаголски прирок; Безлични реченици со безличен глагол; Безлични реченици со безлични форми од глаголи што се менуваат по лице (со повратната заменка *се*); Безлични реченици за истакнување физиолошки или психички состојби; Безлични реченици со глаголи што се употребени безлично (без повратната заменка *се*); Егзистенцијални безлични реченици (со глаголот *има/нема)*; Безлични реченици со глаголско-именски прирок; Безлични реченици заменка, со именка и со глаголска придавка како именски дел на прирокот; Безлични реченици со прилог во глаголско-именскиот прирок. | **Активности:**<br>Вежби за препознавање на различните видови безлични реченици.<br>Вежби за составување безлични реченици според зададени реченици со подмет во составот.<br>Групна работа за дискусија и за определување тип на безлична реченица кој најмногу ќе одговара на зададени реченици со подмет.<br>Трансформација на безлични реченици во реченици со подмет.<br>Вежби за препознавање на ситуациите во кои безличните реченици не можат да се трансформираат во реченици со подмет.<br>Вежби за препознавање, составување и трансформирање безлични реченици во текстови од различни функционални стилови.<br>Работа на поготвени вежби во кои учениците треба да ги препознаат безличните реченици и да ја определи нивната структура<br>**Методи:** интерактивен метод/метод на комуникација (монолошки, дијалошки и разговорен – устен и писмен); метод на демонстративност; текс**Т**-метод; метод на споредување; метод на анализа и синтеза. | **Ученикот/ученичката може да:**<br>4.7.1. ја дефинира безличната реченица и да го објасни отсуството на „личниот“ дел во реченицата;<br>4.7.2. ја објаснува структурата на безличната реченица (безлични реченици со глаголски прирок и безлични реченици со глаголско-именски прирок);<br>4.7.3. објаснува за глаголот во форма на трето лице еднина која не бара вршител во трето лице– немотивирано трето лице;<br>4.7.4. да препознава во кои функционални стилови се употребуваат безличните реченици и да ја толкува оваа употреба. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 4.8 | **Ученикот/ученичката ќе биде способен/а:**<br>- да ја објасни суштината на сличностите и на разликите помеѓу активните и пасивните реченици;<br>- да трансформира активна реченица во пасивна и обратно. | **Активни и пасивни реченици**<br><br>**Поими:** подмет; директен предмет; предлошки предмет; вршител на дејство; трпител на дејство; граматичка категорија преодност на глаголот; активна реченица; пасивна реченица; | **Активности:**<br>Вежби за препознавање активни и пасивни реченици.<br>Вежби за синтаксичка анализа на активните и на пасивните реченици, со објаснување на релацијата вршител:трпител на глаголското дејство.<br>Вежби за препознавање на реченичните членови со кои се претставени вршителот и трпителот на глаголското дејство.<br>Вежби за употреба на предлозите *од* и *со* во состав на пасивните реченици.<br>Вежби за составување активни и пасивни реченици според зададени синтаксички шеми.<br>Вежби за составување синталсички шеми за зададени активни и пасивни реченици.<br>Вежби за трансформација на активни реченици во пасивни и обратно.<br>**Методи:** интерактивен метод/метод на комуникација (монолошки, дијалошки и разговорен – устен и писмен); метод на демонстративност; текс**Т**-метод; метод на споредување, метод на анализа и синтеза. | **Ученикот/ученичката може да:**<br>4.8.1. ја препознава, да ја разликува и да ја објаснува структурата на активната и на пасивната реченица ;<br>4.8.2. воочи дека трпителите на дејство кои се јавуваат како директни предмети во активната реченица во пасивната стануваат подмети, но остануваат трпители на дејството.<br>4.8.3. - да толкува и да составува синтаксичка шема на активна и на пасивна реченица;<br>4.8.4. - да составува пасивни реченици со двата вида прирок (*сум*-конструкција и личноповратната заменка *се* со личноглаголска форма). |
| 5 | **Правопис** | | | |
| 5.1. | **Ученикот/ученичката ќе биде способен/а:**<br>-ги користи правилно правописните знаци;<br>-пронаоѓа и коригира грешки во однос на употребата на интерпункциските знаци. | **Интерпункциски знаци . ?!„“**<br><br>**Поими:** **т**очка, прашалник, извичник, наводници, полунаводници. | **Активности:**<br>Се презентираат правила од Правописот на македонскиот литературен јазик.<br>Се подготвуваат и презентираат примери врз основа на кои се демонстрира и објаснува употребата на интерпункциските знаци. Се користат примери од текстови со различни | **Ученикот/ученичката може да:**<br>5.1.1. ја објаснува функцијата и значењето на интерпункциските знаци;<br>5.1.2. прави разлика меѓу интерпункциските и правописните знаци; |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | функционални стилови.<br>Вежби во кои учениците треба да направат корекција на грешките во употребата на интерпункциските знаци.<br>Диктат за проверка на степенот на усвоеност на правилата за употреба на интерпункциските знаци.<br>**Методи:** монолошко-дијалошки**,** текст-метод, демонстративен метод. | 5.1.3 правилно да ги применува интерпункциските знаци. |
| **6** | **Практично-професионална комуникација** | | | |
| 1 | **Ученикот/ученичката ќе биде способен/а:**<br>**-** да изработи CV и биографија и да прави разлика меѓу двете форми<br>-да ги препознава формите на практично-професионалните текстови и да ги применува правилата за пишување на овие текстови. | **CV / биографија**<br>**Извештај**<br>**Понуда** | **Активности: С**екој ученик да изработи текст според дадените правила за формата и содржината на текстовите. Учениците ги изработуваат текстовите според инструкциите од наставникот и истите се проверуваат со повратна информација.<br>Учениците се поттикнуваат да истражуваат содржини и јазичнокомуникациски форми со чија помош ќе ја збогатат својата професионална терминологија и неа ќе користат при составувањето на практично-професионалните текстови.<br>**Методи**:<br>монолошко-дијалошки, метод на демонстрација, текст- метод. | **Ученикот/ученичката може да:**<br>6.1.1 дефинира правила за изработка на практично-професионални текстови;<br>6.1.2. демонстрира правила на практично-професионална комуникација.<br>6.1.3. изработува практично-професионални текстови;<br>6.1.4 применува правописни правила во пишувањето. |

| | Модуларна единица: **ЛИТЕРАТУРА** | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Ред. број** | **Резултати од учење** | **Содржини и поими** | **Активности и методи** | **Критериуми на оценување*** |
| **1** | **Класицизмот во Европа** | | | |
| 1.1 | **Ученикот/ученичката ќе биде способен/а:**<br><br>- да ги препознава карактеристиките на класицизмот во европската литература преку делата на претставниците на класицизмот;<br><br>-да го толкува делото „Тартиф“ како драмски текст со белезите на класицизмот и да ги издвои карактеристиките на комичното и сатиричното во него. | **Класицизам-појава и особености**<br>**Жан Батист Поклен Молиер-био-библиографски податоци**<br>**Интерпретација на „Тартиф“** | **Активности: се** презентираат основните податоци за главните претставници на класицизмот; заедно со учениците прави презентација на главните белези на класицизмот низ делата на овие претставници.<br>Презентација за био-библиографските податоци за Молиер и за особеностите на неговата драма (комедија).<br>Насочувачки прашања за толкување на драмскиот текст;<br>Создавање проблемска ситуација преку интерпретативно читање на избрани делови од драмскиот текст и читање во двојки (парови);<br>Прашања за откривање на главниот литературен проблем, преку анализа и дискусија на постапките на ликовите;<br>Се даваат инструкции за изработка на есеј поврзан со содржината на драмата.<br>**Методи:** метод на наставна интерпретација**,** монолошко-дијалошки, текст-метод, проблемски метод**,** метод на компарација. | **Ученикот/ученичката може да:**<br>1.1.1.-ги идентификува основните крактеристики на класицизмот, преку примери од делата на главните претставници;<br>1.1.2.- ја утврди структурата и композицијата на драмскиот текст;<br>1.1.3.-ги препознава и аргументира комедиографските белези во делото „Тартиф“;<br>1.1.4- го дефинира главниот литературен проблем во „Тартиф“ преку определување на атрибутите и функциите на ликовите да го анализира делото и да зазема свој став во однос на главниот литературен проблем. |
| 2 | **Просветителство во Европа и кај јужнословенските народи** | | | |

* Внесени се стандарди/индикатори за постигнување на резултатите од учењето врз основа на кои се определуваат критериумите за оценување.

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 2.1 | **Ученикот/ученичката ќе биде способен/а:**<br><br>-да идентификува карактеристики на просветителството во Европа и кај јужнословенските народи;<br><br>- да прави паралела на развојот и белезите на просветителството во Европа и кај јужнословенските народи. | **Просветителство во Европа и кај јужнословенските народи (преглед)**<br><br>**Крилов-Ла Фонтен-Обрадовиќ**<br>**Басни** | **Активности: се** презентираат основните податоци за одликите на просветителството во Европа и кај јужнословенските народи; заедно со учениците прави паралела на сличностите и разликите во развојот на просветителството .<br>Преку насочувачки прашања ќе се интерпретираат неколку басни од наведените автори и ќе се бараат сличнисти, разлики и одлики на правецот во самите текстови.<br>**Методи:** метод на наставна интерпретација**,** монолошко-дијалошки, текст-метод, проблемски метод**,** метод на компарација. | **Ученикот/ученичката може да:**<br><br>2.1.1 ги објаснува и да ги компарира одликите на просветителството во Европа и кај јужнословенските народи;<br>2.1.2 ги идентификува основните одлики на просветителството и да ги толкува просветителските пораки во басните;<br>2.1.3. преку толкување на басните да ја открива нивната алегорија.<br>**2.1.4.** ги толкува и компарира басните од претставниците на просветителството и да ги открива сличностите и разликите во нивните дела. |
| 3 | **Просветителство во Македонија** | | | |
| 3.1 | **Ученикот/ученичката ќе биде способен/а:**<br><br>-да ги препознава одликите и спецификите на просветителството во Македонија и да прави паралела со развојот на просветителството во Европа и кај јужнословенските народи; -да ги контекстуализира претставниците на просветителството во Македонија во рамките на просветителството во | **Просветителство во Македонија**<br>-појава, особености, претставници | **Активности:** се презентираат основните податоци за општествено-политичките состојби во Македонија, условите за развој на просветителството и неговите одлики.<br>Учениците прават Венов дијаграм за просветителство во Македонија (јужнословенските народи) и во Европа .<br><br>**Методи:** метод на наставна интерпретација**,** монолошко-дијалошки | **Ученикот/ученичката може да:**<br><br>3.1.1 - ги набројува и објаснува одликите на просветителството во Македонија;<br>3.1.2- ги дефинира разликите и сличностите во одликите на просветителството во Европа, кај јужнословенските народи и во Македонија. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Европа и кај јужнословенските народи и да го толкува нивното значење за развојот на македонската литература. | | | |
| 3.2 | **Ученикот/ученичката ќе биде способен/а:**<br>-да го толкува историскиот развој на македонската литература;<br>-да ги идентификува просветителските белезите и да ги толкува јазичните особености во „Слово заради завист";<br>-да го анализира и интерпретира „Слово заради завист" | **Јоаким Крчовски**<br>Био-библиографија и анализа на „Слово заради завист" | **Активности:** се презентираат био-библиографските податоци за Крчовски;<br>Се толкува содржината на „Слово заради завист", со нагласување на библиските приказни и откривање на просветителските идеи; се анализираат јазичните одлики на словото.<br>**Методи:** метод на наставна интерпретација**,** монолошко-дијалошки, текст-метод, проблемски метод. | **Ученикот/ученичката може да:**<br>3.2.1 -ги разликува особеностите на јазикот во делото на Крчовски во споредба со современиот јазик ;<br>3.2.2 - ги означува одликите на просветителството во Словото;<br>3.2.3. - ги препознава јазичните особености и значењето на употребата на народниот говор во Словото;<br>3.2.4 анализира, толкува и дискутира за дадениот текст. |
| 3.3 | **Ученикот/ученичката ќе биде способен/а:**<br>-да ги препознава одликите на словото и на епитафот и да ги интерпретира нивните значења;<br>-да споредува и да толкува текстови со просветителски карактер. | **Кирил Пејчиновиќ**<br>Био-библиографија и анализа на „Слово за празниците" и епитафот | **Активности:** се презентираат био-библиографски податоци за Пејчиновиќ; се анализира Епитафот (натпис на надгробна плоча во стихувана форма);<br>Учениците се делат во групи и интерпретираат извадоци од „Слово за празниците" (секоја група толкува различен празник) и прават паралела меѓу поуките и грешките во празнувањето на празниците.<br>**Методи:** метод на наставна интерпретација**,** монолошко-дијалошки, текст-метод, проблемски метод, метод на компарација. | **Ученикот/ученичката може да:**<br>3.3.1 -ги разликува особеностите на јазикот во делото на Пејчиновиќ во споредба со современиот јазик;<br>3.3.2- ги означува одликите на просветителството во Словото;<br>3.3.3 -препознава што е епитаф и да го толкува јазикот во епитафот и неговото значење**;**<br>3.3.4 -анализира, толкува и дискутира за дадените извадоци. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 3.4. | **Ученикот/ученичката ќе биде способен/а:**<br>-да ја интерпретира песната „Труд ми е името“ и дијалошки сцени од Џинот;<br>-да ги открива просветителските белезите во творештвото на Џинот и да го открие значењето и појавата на Ј.Х.Џинот за развојот на драмската литература кај нас. | **Јордан Хаџи Константинов Џинот**<br>Био-библиографија и анализа на песната „Труд ми е името“; анализа на една од дијалошките сцени на Џинот (по избор на наставникот) | **Активности:** се презентираат основните био-библиографски податоци за Јордан Хаџи Константинов Џинот, неговата дејност и значење за развојот на драмската литература во Македонија<br>Учениците се делат во групи и со задачи за анализа на песната и дијалошките сцени (со патриотска и со морализаторска и поучна порака) во кои ќе се бараат просветителските идеи и драмските одлики.<br>Со поставување проблемски задачи учениците се поттикнуваат на критичко мислење и способност за толкување на јазикот и темите со просветителски идеи во делата на македонските просветители.<br>**Методи:** метод на наставна интерпретација**,** монолошко-дијалошки, текст-метод, проблемски метод**,** компаративен метод. | **Ученикот/ученичката може да:**<br>3.4.1 -презентира податоци за Јордан Хаџи Константинов Џинот, неговата дејност и значење;<br>3.4.2. -ги означува одликите на просветителството;<br>3.4.3 -ги препознава јазичните особености и значењето на народниот јазик во Словото;<br>3.4.4- анализира, толкува и дискутира за дадените извадоци;<br>3.4.5- го објаснува значењето на Џинот за македонската литература. |
| 4. | **Романтизмот во Европа** | | | |
| 4.1 | **Ученикот/ученичката ќе биде способен/а:**<br>4.1.1 да ги идентификува карактеристиките на романтизмот во европската литература и да ги контекстуализира претставниците на романтизмот и нивните дела во општествено-политичките услови во кои се појавува романтизмот како движење во литературата и уметноста. | **Романтизам-појава, особености, претставници**<br><br>Општ преглед на појавата на романтизмот со посебен осврт на особеностите на романтизмот во сферата на литературата. | **Активности:**<br>Презентација на романтизмот, условите за неговата појава и одликите на правецот.<br><br>**Методи:**<br>-демонстративен метод, монолошко-дијалошки метод | **Ученикот/ученичката може да:**<br>4.1.1 -го препознава појавувањето на романтизмот;<br><br>4.1.2 -ги именува, набројува и објаснува одликите на романтизмот и неговите претставници. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 4.2 | **Ученикот/ученичката ќе биде способен/а:**<br>-да ја дефинира поемата како литературен вид кој се појавува во времето на романтизмот;<br>-да ја анализира и интерпретира поемата „Странствувањето на Чајлд Харолд“ откривајќи ги белезите на романтизмот. | **Џорџ Гордон Бајрон-био-библиографија и интерпретација на „Странствувањето на Чајлд Харолд“ (прво пеење, Проштална песна)**<br><br>**Поими:** поема, белези на поемата, доминантни романтичарски мотиви-мотив на патувањето и светската тага. | **Активности:** се презентираат основните податоци за животот и дејноста на Бајрон со осврт на биографските елементи во поемата;<br>Насочувачки прашања за наставна интерпретација на поемата со посебен акцент на првото пеење и прошталната песна преку кои се прави анализа на ликот на Чајлд Харолд, се толкуваат неговите постапки и се коментираат избрани цитати.<br>Учениците бираат стихови од поемата преку кои ги аргументираат одликите на романтизмот.<br>Се даваат инструкции за изработка на есеј поврзан со патувањата.<br>**Методи:** метод на наставна интерпретација**,** монолошко-дијалошки, текст-метод, проблемски метод. | **Ученикот/ученичката може да:**<br>4.2.1 -ги идентификува основните романтичарски одлики во поемата;<br>4.2.2 -ги определува основните проблем - мотиви, композицијата и структурата на поемата;<br>4.2.3 -ги коментира постапките на ликот и да ги нагласува одликите што се карактеристични за романтичарскиот лик;<br>4.2.4 -толкува извадоци од поемата преку изразување на сопствени ставови. |
| 4.3 | **Ученикот/ученичката ќе биде способен/а:**<br>-да го интерпретира романот „Евгениј Онегин“, да ги анализира и да ги конфронтира ликовите во делото;<br>-да ги пронаоѓа белезите на романтизмот во романот и да го дефинира „Евгениј Онегин“ како роман во стихови. | **Александар Сергеевич Пушкин**<br>**-**био-библиографија; наставна интерпретација на романот во стихови „Евгениј Онегин“.<br><br>**Поими:** роман во стих, доминантни мотиви во романтизмот(идеализирање на селскиот живот, восхит од природата, невозвратената љубов) | **Активности:**<br>се презентираат основните био-библиографски податоци за Пушкин; Преку проблемски прашања и работа во групи се поттикнува откривање на основните литературни проблеми во делото.<br>Учениците се насочуваат да ги анализираат ликовите, да ги споредуваат, конфронтираат и да ги конкретизираат нивните карактеристики како романтичарски ликови, преку избрани стихови од романот. Се бара од учениците да ги откријат одликите на романтизмот во романот и да го дефинираат романот во стихови.<br>**Методи:** метод на наставна интерпретација, монолошко-дијалошки, текст-метод, проблемски метод. | **Ученикот/ученичката може да:**<br>4.3.1 -ги дефинира основните литературни проблеми во делото;<br>4.3.2 -определува каква е композицијата, нарацијата и да ги анализира ликовите;<br>4.3.3 -ги детектира и да ги аргументира романтичарските елементи во романот, со посебен акцент на ликот на Евгениј Онегин;<br>4.3.4 -споредува, да конфронтира и по пат на аналогии и асоцијации да ги толкува другите ликови во однос на главниот лик. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 4.4. | **Ученикот/ученичката ќе биде способен/а:**<br>-интерпретира и толкува делови од романот „Богородичната црква во Париз“ од Виктор Иго со посебен осврт на романтичарските белези на романот | **Виктор Иго „Богородичната црква во Париз“**<br><br>**Поими:** роман со романтичарски белези (постапки, стилски и јазични карактеристики) | **Активности:**<br>Наставникот избира цитати кои се интерпретираат во групи. Заедно со цитатите учениците добиваат и насочувачки прашања. При анализата пишуваат и се насочуваат да дојдат до белезите на романтизмот односно насоките им помагаат да ги согледуваат истите во романот и да изведуваат заклучоци.<br>**Методи:** метод на наставна интерпретација, монолошко-дијалошки, текст-метод, проблемски метод. | **Ученикот/ученичката може да:**<br>**4**.4.1. -ги набројува мотивите во романот и наведува дел од содржината каде ги препознава;<br>4.4.2. -ги споредува мотивите од романот со мотивите во романтичарските дела;<br>4.4.3. -цитира и толкува одбрани делови од романот со осврт на ликовите и нивните постапки;<br>4.4.4. пишува есеј на зададена тема поврзана со мотивот љубов во овој роман. |
| 4.5 | **Ученикот/ученичката ќе биде способен/а:**<br>**-**интерпретира и толкува делови од романот „Страданијата на младиот Вертер“ од Ј.В.Гете со осврт на стилските карактеристики на романтизмот и епистоларната форма на романот. | **Јохан Волфганг фон Гете „Страданијата на младиот Вертер“**<br><br>**Поими:** епистоларен роман, композиција на роман | **Активности:** Наставникот ја организира паралелката во групи и посочува одредени цитати, делови од писмата кои ги пишува Вертер. Секоја група има и листа насочувачки прашања со чија помош се анализира и се доаѓа до заклучоци за видот на романот, за белезите на стилската формација на која припаѓа романот, за атрибутите на ликот/ликовите и нивниот романтичарски контекст.<br>**Методи:** метод на наставна интерпретација, монолошко-дијалошки, текст-метод, проблемски метод. | **Ученикот/ученичката може да:**<br>**4.5.1. –**го определува романот како епистоларен објаснувајќи ја неговата композиција;<br>**4.5.2. -**ги посочува атрибутите на Вертер и другите ликови и дискутира за нив;<br>**4.5.3.** ги споредува и ги толкува мотивите, стилските обележја на делото споредувајќи ги и ликовите;<br>**4.5.4.** да го толкува делото во согласност со општествено-историски контекст. |
| 4.6 | **Ученикот/ученичката ќе биде способен/а:**<br>-да ја анализира и интерпретира поемата „Гарванот“;<br>-да ги идентификува и да ги толкува белезите на романтизмот преку | **Едгар Алан По -**био-библиографија; наставна интерпретација на „Гарванот“<br><br>**Поими:** музикалноста (версификација-стих, рефрен, ритам, ефект на гракање-Р), зборовите преку кои се | **Активности:**<br>Учениците истражуваат за животот на Едгар Алан По и дискутираат за автобиографските елементи во поемата; го толкуваат есејот „Теорија на композицијата“ како тематска основа за создавањето на поемата „Гарванот“. Со насочувачки прашања се прави анализа (семантичка, структурална, композициска); | **Ученикот/ученичката може да:**<br>4.6.1 -ги препознава и ги утврдува романтичарските белези во поемата;<br>4.6.2 прави анализа и да ја толкува поемата со откривање на симболиката на гавранот и со поврзување со античките симболи |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | препознавање и на античките мотиви во поемата. | отсликува емотивната состојба на лирскиот субјект, стилски фигури и романтичарските белези. | Учениците дома изработуваат есеј во врска со доживувањата на лирскиот субјект и чувствата што тие ги доживуваат во однос на љубовта, смртта и симболиката на гавранот.<br>**Методи:**<br>метод на наставна интерпретација, монолошко-дијалошки;<br>текст-метод, проблемско-творечки метод, метод на компарација, метод на корелација и интеграција. | претставени во поемата;<br>4.6.3 -ја открива метафориката на текстот преку означување на стилските фигури;<br>4.6.4. да ги разбира и да ги толкува пораките на лирскиот субјект;<br>4.6.5. -пишува писмен состав (есеј) во врска со љубовта и смртта на саканата жена. |
| **5** | **Романтизмот во Македонија** | | | |
| **5.1** | **Ученикот/ученичката ќе биде способен/а:**<br>-да ги препознава и да ги толкува одликите на романтизмот во Македонија во контекст на романтизмот во Европа;<br>-да прави дистинкција меѓу делата на претставниците на романтизмот во Европа со преродбенската дејност на претставниците на романтизмот во Македонија; | **Романтизмот во Македонија**<br>Појава, особености, претставници<br><br>Поими: романтизам, преродба. | **Активности:** се презентираат основните податоци за општествено-политичките состојби во Македонија, условите за развој на романтизмот (преродба), неговите одлики и значење за развојот на македонската литература.<br>заедно со учениците прави паралела на одликите на романтизмот во Европа<br><br>**Методи :** демонстративен метод, монолошко-дијалошки. | **Ученикот/ученичката може да:**<br>5.1.1 ги дефинира општествено-историските услови во кои доаѓа до појава на романтизмот (Преродбата) во Македонија;<br>5.1.2-ги именува претставниците и да ги набројува и објаснува одликите на романтизмот во Македонија;<br>5.1.3 -ја толкува културната преродба во Македонија;<br>5.1.4 -прави разлика во одликите на романтизмот во Европа и Македонија.<br>5.1.5. -го толкува нивното значење во развојот на македонската литература. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **5.2** | **Ученикот/ученичката ќе биде способен/а:**<br>-да ги опишува и да ја објаснува улогата и значењето на собирачите на народни умотворби (собирање, печатење);<br>-да ја толкува и да ја аргументира важноста на учебникарската дејност и отворањето училишта на народен јазик. | **Собирачи на народни умотворби**<br>Преглед на претставниците на преродбата и на собирачката дејност во Македонија (Партениј Зографски, Кузман Шапкарев, Марко Цепенков, Васил Икономов) со осврт на нивните дела.<br><br>**Димитар Миладинов**<br>био-библиографија и собирачка дејност | **Активности:**<br>Се чита текст поврзан со собирачите со кој ќе се поттикне интерес за поставување прашања. Се прави листа на прашања од самите ученици и учениците одговораат на поставените прашања од своите соученици. Заедно со учениците се прави презентација на животот и делото на Димитар Миладинов и неговата дејност како собирач и народен учител, кој се залага за употреба на македонскиот јазик во народните училишта; Дискусија за улогата и значењето на Д. Миладинов во собирачката дејност во групна форма на работа. Се анализира Зборникот на народни умотворби од аспект на собраниот материјал, негова мотивска класификација и значење.<br>**Методи :** демонстративен метод, монолошко-дијалошки, проблемски метод. | **Ученикот/ученичката може да:**<br>5.2.1 -ги препознава и да ги објаснува одликите на собирачката дејност на претставниците на македонската преродба;<br>5.2.2 -го толкува значењето на собирачите и нивната дејност за културната преродба во Македонија;<br>5.2.3 -го објаснува значењето и улогата на Д. Миладинов за македонската преродба;<br>5.2.4 -ги толкува застапените народни умотворби во Зборникот, мотивски и жанровски. |
| **5.3** | **Ученикот/ученичката ќе биде способен/а:**<br>-да ја толкува поезијата на Константин Миладинов откривајќи ги естетско-уметничките вредности во неа;<br>-да ги открие и толкува романтичарските белези во поезијата на Миладинов. | **Константин Миладинов**-био-библиографија;<br>Поезија:<br>„Т'га за југ" „Бисера", „Голапче", „Сираче", „Шупељка";<br>Предговор кон Зборникот.<br><br>**Поими:** преродба/ романтизам, уметничка поезија, Зборник, предговор. | **Активности:**<br>Се презентираат податоци за животот и делото на Константин Миладинов, неговата дејност и улога во издавањето на Зборникот; се потенцира неговата улога како основоположник на македонската уметничка поезија. Се разгледува и дискутира за Предговорот на Зборникот. Преку насочени прашања се анализира песната , „Т'га за југ"<br>Учениците се делат во групи со задача за анализа (структурална, мотивска, семантичка).<br><br>**Методи:** Монолошко-дијалошки, метод на наставна интерпретација, текст- метод. | **Ученикот/ученичката може да:**<br>5.3.1 – ја објаснува улогата и значењето на К.Миладинов во македонската литература и да го определува лирскиот субјект;<br>5.3.2- ги препознава и утврдува романтичарските белези во поезијата на Миладинов;<br>5.3.3 -препознава и означува мотив, композиција, стилски фигури и да ги толкува лирските елементи во поезијата;<br>5.3.4 -ги сфаќа, презентира и толкува податоците за преродбенската |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | дејност на К. Миладинов. |
| 5.4 | **Ученикот/ученичката ќе биде способен/а:**<br>-да споредува, разграничува и да донесува заклучоци во врска со преродбенската и просветителската дејност на Рајко Жинзифов, во споредба со делото на другите преродбеници, но пред сè со делото на Константин Миладинов. | **Рајко Жинзифов**<br>Био-библиографија и интерпретација на песната „Глас" и расказот „Прошедба".<br><br>**Поими:**<br>преродба/романтизам, поезија, расказ – репортажа. | **Активности**<br>Учениците работат во групи: истражуваат за животот и делото на Жинзифов, споредувајќи ја неговата преродбенска дејност со дејноста на другите македонски преродбеници; ја анализираат песната „Глас" и ја споредуваат со песната „Т`га за југ" на К. Миладинов; го толкуваат расказот „Прошедба", како прв обид за расказ со елементи на репортажа;<br>-секоја група поодделно ги презентира резултатите од своите истражувања.<br>**Методи:**<br>Метод на наставна интерпретација, монолошко- дијалошки метод, метод на компарација, текст метод. | **Ученикот/ученичката може да:**<br>5.4.1 -ги презентира био-библиографски податоци за Р. Жинзифов, во корелација со претходно усвоените сознанија за претставниците на македонската преродба, со посебен акцент на творештвото на Константин Миладинов;<br>5.4.2 -анализира, толкува и дискутира за литературната дејност на Р. Жинзифов (ја анализира песната „Глас", и ги толкува нејзините јазични и стилски карактеристики и ги открива и толкува репортажните елементи во „Прошедба";<br>5.4.3 -донесува заклучоци за дејноста на Рајко Жинзифов од аспект на преродбеник и автор и неговото значење во развојот македонската литература. |
| 5.5 | **Ученикот/ученичката ќе биде способен/а:**<br>-да селектира и да презентира важни податоци за Григор Прличев;<br>-да ја анализира и интерпретира поемата „Сердарот" аргументирајќи го | **Григор Прличев- Сердарот**<br>Био-библиографија на Григор Прличев; наставна интерпретација на поемата „Сердарот"<br><br>**Поими:** поема, национален херој, херојска мајка, стилски фигури: словенска антитеза, | **Активности:**<br>Се прави Т-табела: Знам-сакам да знам-научив во врска со важни податоци за животот на Прличев и за неговата поетска и преродбенска дејност; наставна интерпретација на „Сердарот" во групна форма на работа и наставни ливчиња со проблемски прашања во врска со композицијата на поемата, со атрибутите и функциите на ликовите, со темите и мотивите застапени во „Сердарот"; | **Ученикот/ученичката може да:**<br>5.5.1 -ја објаснува улогата и значењето на Прличев во македонската литература преку селектирани податоци за него;<br>5.5.2. –ја објаснува појавата на поемата „Сердарот" и нејзината улога во развојот на македонската уметничка литература;<br>5.5.3. -ги идентификува основните |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | влијанието на Хомерскиот стил преку семантичка анализа на стилските фигури и анализа на херојските ликови во поемата. | сложени епитети. | Учениците се насочуваат да ги откријат и да го толкуваат значењето на употребата на стилските фигури во поемата „Сердарот“ и да ги споредат со стилските фигури во „Илијадата“ на Хомер; (да се аргументира фактот дека Григор Прличев е наречен „втор Хомер“ при добивањето на наградата Ловоров венец).<br>**Методи:** Метод на наставна интерпретација**,** монолошко-дијалошки, текст-метод, проблемски метод**,** метод на компарација, метод на корелација. | романтичарски одлики во поемата „Сердарот“;<br>5.5.4 - означува тема, композиција, структура и ликови;<br>5.5.5 -ги коментира атрибутите и функциите на ликовите толкувајќи ги нивните постапки. |
| **6** | **Литературно-научни видови** | | | |
| | **Ученикот/ученичката ќе биде способен/а:**<br>-да дефинира правила за изработка на дадените литературно-научни видови;<br>-да ги применува правилата за пишување на одредениот вид текстови и правописни правила во пишувањето. | **Биографија/ автобиографија.**<br>**Патопис,**<br>**Репортажа,**<br>**Фељтон** | **Активности:** презентација на одлики на дадените жанрови со нагласување на литературните и научните белези. Читање на текстови преку кои ќе се илустрираат разликите меѓу посочените жанрови и ќе се препознаваат белезите на определен жанр.Секој ученик да изработи текст според дадените правила за формата и содржината на текстовите. Учениците ги изработуваат текстовите според инструкциите од наставникот и истите се проверуваат со повратна информација.<br>**Методи**:<br>монолошко-дијалошки, метод на демонстрација, текст- метод. | **Ученикот/ученичката може да:**<br>6.1.1 ги опишува одликите на дадените литературно-научни видови;<br>6.1.2. изработува биографија/ автобиографија, патопис и репортажа;<br>6.1.3 прави разлика меѓу литературен и научен текст и да ги разликува определените жанрови според нивните белези. |
| 7 | **Медиумска писменост** | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 7.1. | **Ученикот/ученичката ќе биде способен/а:**<br><br>-да следи, анализира и коментира информации од медиуми;<br><br>-да спроведува истражувања за/низ медиумскиот простор/медиумите и презентира, коментира и толкува податоци и анализирани факти за нив. | **Медиум-форма на пренос на информации**<br>Начела на медиумската писменост: пристап до медиуми, објективност при следење на информации и анализа, евалуација –градење критичко мислење, комуникација со медиуми.<br>Социјални мрежи-улогите на социјалните мрежи<br>Правила на социјалните мрежи (формални и законски)<br><br>**Поими:** објективна информација/лажна информација | **Активности:** Истражување различни медиуми со различни групи формирани во договор со учениците (учениците се информираат дека треба да водат белешки за сите фази на истражувањето: темата и целта на истото, методологија и инструменти, анализа, заклучоци и препораки).<br><br>Организирање дебата/дебати за улогата/улогите на социјалните мрежи во современиот живот; дебата за правилата на социјалните мрежи-правила поставени од самата мрежа кои корисниците треба/мора да ги почитуваат; законска регулатива – дали има и како истата се реализира во е-просторот во однос на содржините кои се поставуваат на ваквите мрежи.<br><br>**Методи:** монолошко-дијалошки, метод на демонстрација, анализа, синтеза, проблемски метод, компаративен метод. | **Ученикот/ученичката може да:**<br><br>7.1.1. – следи медиуми и да ја препознае објективната/точната информација;<br>7.1.2. –спроведува истражување и анализира податоци од истражување на медиум за проценка на неговата објективност;<br>7.1.3. презентира и толкува податоци од истражување на медиум/и преку извештај;<br>7.1.4. евалуира информации и податоци и изразува свој став во однос на нив. |

| | |
|---|---|
| **Оценување на постигањата на учениците** | Оценувањето е континуиран процес и има за цел да обезбеди сеопфатни информации за постигањата на учениците. Функцијата на оценувањето е сумирање на постигнатото, но во насока на подобрување на истото. Во таа смисла, оценувањето на учениците има за цел да им ја покаже реалната состојба на нивните знаења и да им даде насока за понатамошно перманентно продлабочување. За да биде овозможено конкретно и веродостојно оценување потребно е редовно прибирање на информации кои се докуметираат. Ваквиот пристап овозможува и континуитет во учењето и постојана ангажираност и вклученост од страна на учениците.<br>Критериумите за оценување наставникот ги објаснува на своите ученици и доследно се придржува кон истите во текот на целата учебна година. Инструментите коишто се однесуваат на устниот дел од оценувањето и вреднувањето на учениците може да биде со одговори на поставени прашања од страна на наставникот, насочени прашања при обработка на дело, лектира, како и содржини од јазик, усни презентации на одредени теми, изнесување на мислења и ставови во врска со одредени проблемски поставени прашања во дело и лектира, |

| | |
|---|---|
| | дискутирање за книжевни дела во општествен, историски и книжевен контекст, домашна работа, активност и ангажираност на часот.<br>Инструментите за писменото оценување се поврзуваат со писмени работи, со објективни тестови на знаења, со тестови на способности, особено на самостојни ученички текстови – есеи, во кои учениците ќе го применуваат наученото низ сопствениот индивидуален израз.<br>Учениците за своите постигања добиваат нумеричка оценка. |
| **Литература и други извори** | Учебник и прирачници одобрени од Министерството за образование и наука и други извори на учење. |
| **Почеток на имплементација на наставната програма** | **Учебна 2020/2021 година** |
| **Институција/ носител на програмата** | **Биро за развој на образованието (БРО)** |
| **Потпис и датум на донесување на наставната програма** | **бр.** 13-11578/42<br>04-10-2019 **година**<br>**МИНИСТЕР,**<br>**Dr. Arbër Ademi** |
| **Датум на ревизија** | |